РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
бр. 04-423/65
03.12 2025 год.
Битола

Врз основа на член 77 и член 77-з став (1) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.01-225/2 од 09.04.2015 година, бр.02-47/3 од 29.01.2018 година, бр.02-177/3 од 14.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.02-315/3 од 11.06.2025 година, Годишниот план за вработување за 2025 година бр.01-423/1 од 27.08.2024, и Согласност од Министерството за финансии бр.19-8228/2 од 29.07.2025 година како и Предлогот за вработување на кандидат бр. 03-423/62 од 03.12.2025 година по Јавен оглас бр. 1/2025, директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

ОДЛУКА

за избор за вработување на даватели на услуги по јавен оглас

1. Појавниот оглас бр. 1/2025 објавен на 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на еден извршител, давател на јавни услуги во Националната установа Центар за култура - Битола се избира:
   Кандидатот Александар Црвенко, за работното место КУЛ 03 04 Г02 008 Стручен соработник за меѓународна соработка, Даватели на јавни услуги
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 01.08.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, на интернет страната на Центарот за вработување - Битола, како и на интернет страницата на Центарот за култура - Битола објавен е оглас бр.1/2025 за вработување на еден извршител – даватели на јавни услуги, во Националната установа Центар за култура - Битола. Со Решение бр. 03-423/59 од 01.12.2025 година а согласно Известувањето за номинација на членови во комисија за вработување од Министерството за култура и туризам бр.40-7759/2 од 21.11.2025 година, формирана е Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас од страна на директорот на НУ Центар за култура - Битола. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази и спроведе интервју со пријавените кандидати. Комисијата состави Записник од административната селекција за проверка на веродостојност на доставените

Scanned with CamScanner

податоци и докази бр.03-423/60 од 03.12.2025 и Записник од интервјуто бр.03-423/61 од 03.12.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од двете фази и Предлог кандидат за вработување бр. 03-423/62 од 03.12.2025 година по Јавен оглас бр. 1/2025. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.


Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура - Битола во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла на НУ Центар за култура - Битола.

Доставено до:
Избраниот кандидат (1)
Архива на Центарот (I)
Огласна табла (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски



Scanned with CamScanner